# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 41 од Статутот на Народната банка на Република Македонија, а согласно со точка 5 од Одлуката за начинот и постапката за доделување годишна награда за млади истражувачи за најдобар труд од областа на макроекономијата О.бр.02-15/IX-1/2006 од 28.09.2006 година, гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за формирање Одбор за евалуација**

1. Се формира Одбор за евалуација во следниот состав:

| | | |
|---|---|---|
| 1) м-р Димитар Богов | вицегувернер во Народната банка на Република Македонија | Претседател |
| 2) д-р Горан Петревскки | член на Советот на Народната банка на Република Македонија | Член |
| 3) д-р Анета Крстевска | директор на Дирекцијата за истражување во Народната банка на Република Македонија | Член |

2. Одборот за евалуација од член 1 на ова Решение ќе изврши стручна оценка на пристигнатите трудови од областа на макроекономијата по објавениот конкурс за Годишната награда на Народната банка на Република Македонија за 2009 година и ќе достави предлог за најдобар труд со образложение до гувернерот на Народната банка на Република Македонија.

Доколку Одборот за евалуација од член 1 на ова Решение смета дека ниеден од пристигнатите трудови не ги исполнува условите за добивање награда, може да даде предлог до гувернерот на Народната банка на Република Македонија за оваа година да не се доделува награда.

3.Ова Решение, влегува во сила со денот на потпишувањето.

**Бр. 2123**
**09.03.2009 година**
**Скопје**

**м-р Петар Гошев**
**г у в е р н е р**